

# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**
**20 - 27 јули 2026 Билтен бр. 644**

# ШАХОТ ГИ ПОВРЗА ГЕНЕРАЦИИТЕ ВО КАРПОШ

**20јули**

**По повод Меѓународниот ден на шахот, денес на платото „Млечен“ се одржа „Шаховско утро“ – настан што обедини љубители на шахот од различни генерации. Учесниците имаа можност да одиграат пријателски партии, да разменат искуства и да уживаат во пријатна атмосфера. Интересот и играта на присутните уште еднаш потврдија дека шахот е игра која развива стратегија, концентрација и меѓусебна почит.**

**На настанот присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, кој им се придружи на шахистите и ја истакна важноста од поддршката на спортските и рекреативните активности што ги поврзуваат граѓаните. „Во изминатиот период поставивме пет шаховски табли низ Карпош, со цел да го поттикнеме развојот на шахот како игра што придонесува за развој на концентрацијата, логичкото размислување и стратешките вештини, особено кај младите.**

**Ќе продолжиме да вложуваме во содржини што ги мотивираат граѓаните да се дружат, рекреираат и активно да го поминуваат своето слободно време“, истакна Лукровски. Општина Карпош продолжува да создава можности за промоција на спортот, дружењето и здравите животни навики, со содржини достапни за сите генерации.**



СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА



# ОДРЖАН КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК СО СКОПСКИТЕ ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД НЕВРЕМЕТО

**22 ЈУЛИ**

**Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, денеска присуствуваше на координативен состанок со Кризниот штаб на Град Скопје, на кој беа разгледани состојбата, штетите и последиците предизвикани од силното невреме што го зафати главниот град.**

**Општина Карпош, за жал, е меѓу скопските општини кои претрпеа посериозни последици од невремето и се соочуваат со значителен број пријавени штети.**

**На координативниот состанокот беше договорено:**

**Скопските општини ќе формираат комисии пред кои граѓаните ќе можат да ги пријават штетите предизвикани од невремето.**

**Во координација со Град Скопје, ќе се врши стручна процена на пријавените штети, по што, согласно законската регулатива и расположливите можности, ќе започне постапка за поддршка на граѓаните при санацијата на оштетувањата на објектите за домување.**

**Истовремено, со колегите градоначалници договоривме општинските градежни инспектори, инспекторите за домување и другите надлежни служби да извршат засилени и строги контроли.**

**Ќе се проверуваат сите позиции и објекти каде што имаше оштетени кровни конструкции за да се утврдат причините за истото, земајќи во предвид дека, одржувањето на истите треба да го имаат куќните совети.**

**Општинските служби на Општина Карпош продолжуваат со активности на терен и расчистување на последиците од невремето, како и со преземање на сите неопходни мерки во рамки на своите надлежности, со цел што побрзо нормализирање на состојбата и обезбедување на безбедноста на граѓаните.**



# ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА МЕЃУ ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА

**23 јули - се одржа работна средба помеѓу градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, претседателот на Стопанската комора на Северозападна Македонија, Нухи Алиу, и претседателот на Сојузот на стопански комори на Македонија, Горан Ѓорѓиевски.**
**На средбата беше разговарано за можностите за воспоставување и унапредување на соработката меѓу Општина Карпош и бизнис-заедницата, како и за иницирање на заеднички активности од интерес за граѓаните и локалниот економски развој.**

**Во фокусот на разговорите беа и можностите за потпишување Меморандум за соработка, дефинирање на идни планови и реализација на заеднички иницијативи, со цел размена на искуства и примена на успешни локални практики.**
**Соработката помеѓу Општина Карпош и бизнис-заедницата претставува значаен чекор кон заедничко креирање и спроведување на локални практики и иницијативи во интерес на граѓаните, развојот на општината и создавањето подобра деловна средина.**



# СЛУЖБИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ И ДЕНЕС СЕ НА ТЕРЕН

**25 јули По невремето, продолжуваме со интензивни активности за расчистување на последиците и санирање на штетите.**
**Карпош е една од најпогодените општини, со голем број материјални штети, но со добра координација, ангажман и посветена работа на сите служби, правиме максимални напори што е можно побрзо да го ослободиме јавниот простор од паднати дрвја, оштетени кровови и други последици од невремето.**

**Наш приоритет е безбедноста на граѓаните и што побрзо враќање на нормалното функционирање на јавниот простор.**
**Ви благодариме за трпението и разбирањето.**
**Заедно, чекор по чекор, го враќаме Карпош во нормала!**



# ОТСТРАНЕТА ОПАСНОСТА НА УЛИЦА „РАМПО ЛЕВКАТА“

**25 јули По силното невреме, лим од соседната зграда одлета и падна врз покривите на две индивидуални куќи на улица „Рампо Левката“, при што постоеше опасност и за жителите и минувачите.**
**По стручната интервенција на општинските служби, кои беа на терен од утринските часови до попладне, опасноста е отстранета, а граѓаните повторно можат безбедно да пристапат до своите домови.**

**Жителите се презадоволни и упатуваат голема благодарност до општинските работници за нивната брза реакција, професионалност и несебична помош.**



## ОПШТИНА КАРПОШ СЕ СЕЌАВА НА СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС

**26 јули - На денешен ден, 26 јули 1963 година, Скопје го погоди катастрофален земјотрес, оставајќи длабока трага во историјата на градот.**

**Денес се сеќаваме на жртвите и изразуваме длабоко сочувство до нивните семејства.**

**Солидарноста, хуманоста и заедништвото што му помогнаа на Скопје повторно да се издигне, нека останат наша трајна инспирација.**



# РАБОТНО И ВО НЕДЕЛА

**26 јули - Општина Карпош е горда и бескрајно благодарна на своите службеници и работници, кои деновиве, од рано наутро до доцна навечер, неуморно и пожртвувано се на терен.Во услови на сериозен ризик и тешки предизвици, тие се борат со последиците од невремето, расчистуваат и го враќаат јавниот простор во безбедна состојба.**

**И денес, во недела, кога повеќето од нас се одмораат и се со своите семејства, тие се таму каде што се најпотребни – на терен, во служба на граѓаните**
**Голема благодарност и до градежните компании кои несебично се вклучија со својата механизација и помогнаа токму тогаш кога беше најпотребно.**
**Благодарност и до граѓаните на Карпош кои одговорија на апелот и со својот придонес помогнаа во расчистувањето.**
**Ова е Карпош.**
**Кога е најтешко – сме заедно.**
**Си помагаме. Се бориме. И не се откажуваме!**



ОТВОРЕН ДЕН ВО КАРПОШ

**Ве поканувамe на Отворен ден во Општина Карпош!**
**Во среда, 29 јули 2026 година, од 13:00 до 17:00 часот, повелете во Хол на Општина Карпош на средба со градоначалникот Сотир Лукровски и раководителите на општинските сектори.**

**Поставете прашање, споделете идеја, дадете предлог или покренете иницијатива.**

**Ул. Никола Русински бр. 11**
**Ве очекуваме!**

